Влада на Република Северна Македонија

# З А П И С Н И К
од Шестата седница на Владата на Република Северна Македонија,
одржана на 24 јануари 2022 година

Скопје, јануари 2022 година

**З А П И С Н И К**
**од Шестата седница на Владата на Република Северна Македонија,**
**одржана на 24 јануари 2022 година**

Седницата на Владата на Република Северна Македонија што се одржа преку видео-конференциска врска со употреба на интернет комуникација започна во 11:00 часот.

Со седницата претседаваше првиот заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, д-р Артан Груби.

На седницата учествуваа, м-р Славица Грковска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење, Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, м-р Бојан Маричиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за европски прашања, членовите на Владата Славјанка Петровска, министер за одбрана, д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, м-р Беким Сали, министер за здравство, д-р Јетон Шаќири, министер за образование и наука, м-р Јована Тренчевска, министер за труд и социјална политика, м-р Горан Милевски, министер за локална самоуправа, м-р Адмирим Алити, министер за информатичко општество и администрација, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски, Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање и д-р Џемаил Чупи, министер без ресор, задолжен за дијаспора, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Мухамед Зеќири и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата учествуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата учествуваа и д-р Агим Нухиу, заменик на министерот за правда и Трајан Димковски, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

На седницата не учествуваа претседателот на Владата на Република Северна Македонија, д-р Димитар Ковачевски и членовите на Владата Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, д-р Никола Тупанчески, министер за правда, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство и доц. д-р Бисера Костадиновска - Стојчевска, министер за култура.

*

*   *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Предлог-текст на Меморандум за разбирање за развој на „Скопје-Софија“ железничко поврзување меѓу Република Северна Македонија и Република Бугарија

2. Кадровски прашања

3. Прашања и предлози

*

*   *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата го разгледа Предлог-текстот на Меморандумот за разбирање за развој на „Скопје - Софија“ железничко поврзување меѓу Република Северна Македонија и Република Бугарија и притоа заклучи:

1. Го прифати усогласениот текст на Меморандумот за разбирање за развој на „Скопје - Софија“ железничко поврзување меѓу Република Северна Македонија и Република Бугарија, со заклучок членот 5 од Меморандумот да се преформулира во насока истиот да се потпише на три јазика, односно на македонскиот, бугарскиот и англискиот јазик и нивните писма.

2. Го овласти Благој Бочварски, министер за транспорт и врски да го потпише Меморандумот за разбирање за развој на „Скопје - Софија“ железничко поврзување меѓу Република Северна Македонија и Република Бугарија.

**Точка 2**

По оваа точка немаше предлози.

**Точка 3**

Владата заклучи заклучокот број 2 од Точка 4 од Сто четириесет и четвртата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 16 јули 2019 година, да се измени и да гласи:

„2. Се овластува м-р Крешник Бектеши, министер за економија да го потпише усогласениот текст на Меморандумот за разбирање помеѓу Агенцијата за поддршка на претприемништво на Република Северна Македонија и Бугарската агенција за промоција на мали и средни претпријатија при Министерство за економија на Република Бугарија.”

*

*    *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 11:05 часот.

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**Мухамед Зеќири**

**ПРВ ЗАМЕНИК НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**dr. Artan Grubi**